МРЕЖА ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

РУРАЛНА КОАЛИЦИЈА
KOALICIONI RURAL

WE EFFECT

**ОГЛАС ЗА ИЗРАБОТКА НА НОВИНАРСКА ВИДЕО СТОРИЈА**

Датум на објава: 12.08.2020 година

**Рурална Коалиција Куманово**, во рамките на проектот "Родовата еднаквост - клуч за економски силна рурална заедница", кој што го спроведува во партнерство со здружението на жени фармери Моја Фарма од Гостивар, објавува јавен повик за изразување на интерес од страна на медиумските куќи или правни лица кои што се занимаваат со изработка на медиумски содржини за изработка на новинарска и видео сторија под мотото– И таа е тука! (се мисли на руралната жена), а која што ќе ги опфати сите сегменти од животот на една активна носителка на семејно земјоделско стопанство.

Потребно е сторијата да се емитува на една национална ТВ и на минимум 2 локални ТВ станици, портали и слично како би допрела до што е можно поширока публика која што детално ќе се запознае со економските предизвици со кои што се соочува жената од руралната средина.

Останатите елементи од сторијата ќе се усогласат со медиумската куќа која што ќе биде избрана на повикот, а истите треба да опфатат:
- ангажман на новинар;
- теренско снимање,
- камерман и
- монтажа на видео сторијата.

Крајниот резултат кој што треба да се достигне во рамките на оваа активност во проектот е:

***Зголемена информираност и видливост на родовиот економски јаз во руралните средини кај пошироката јавност***

Кандидатите кои што се заинтересирани за повикот треба да достават писмо за интерес со финансиска понуда најдоцна до **20 август 2020 година** **во електронска форма** на следнава e-mail адреса: rkoalicija@gmail.com

*П*роектот "Родовата еднаквост - клуч за економски силна рурална заедница" е финансиран како под-грант во рамките на проектот „Градење на капацитетите на МРР и нејзините членки" спроведуван од Мрежата за Рурален Развој, а финансиран од We Effect и **Шведската агенција за меѓународна соработка за развој (Сида).**